**Приказ**

**УДК: 159.9.01(035)(049.3)**
**303.442(035)(049.3)**

Николина КЕНИГ

# КВАЛИТАТИВНИ МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Книгата „Квалитативни методи" ги содржи следните 8 поглавја, со по неколку обработени наслови и поднаслови:

1. Што е квалитативно истражување?
2. Варијетети на квалитативни пристапи
3. Планирање на квалитативните истражувања
4. Прибирање податоци
5. Обработка на податоците
6. Карактеристики на добро квалитативно истражување
7. Пишување извештај за спроведено квалитативно истражување
8. Етички прашања во квалитативните истражувања

Во првото поглавје под наслов *Што е квалитативно истражување?*, читателите се воведуваат во тоа што значи да се истражува со помош на квалитативниот пристап. Авторката го дефинира квалитативниот метод споредувајќи го со квантитативниот, без да влезе во стапицата на оспорување на употребливоста на квантитативната методологија што е типично за голем број од квалитативно ориентираните методолози. Напротив, авторката не ги прикажува двата методолошки пристапи како заемно исклучиви, туку како комплементарни, нагласувајќи ја можноста за нивно меѓусебно надополнување со што обезбедува надминување на слабостите на едниот пристап со користење на другиот. Во истото поглавие се дискутирани и различните епистемолошки парадигми од коишто поаѓаат двата пристапи, на начин достапен и за оние со минимални предзнаења од областа на филозофијата.

Второто поглавје насловено како *Варијетети на квалитативни пристапи*, е посветено на различните концептуални рамки во рамките на коишто се употребува квалитативниот метод. Меѓу нив читателите ќе ги сретнат феноменолошкиот, хевристичкиот, херменевтичкиот, конструктивистичкиот пристап, симболичкиот интеракционизам, како и други, помалку популарни специфични пристапи што се прикажани на многу јасен и лесно разбирлив начин. Преку вклучување на ова поглавје, авторката покажала дека квалитативниот пристап не единствена,

монолитна истражувачка стратегија, како што најчесто ја третираат поборниците на квантитативната методологија, туку методолошка рамка која обединува различни, понекогаш дури и спротиставени стратегии.

Со третата глава *Планирање на квалитативните истражувања* започнува прагматичниот дел на книгата, кој претставува вистински водич низ чекорите кои треба да се преземат при спроведување квалитативно истражување. При тоа, авторката нуди многу конкретни упатства за тоа како да се дефинира проблемот, како да се формира примерокот (земајќи ги предвид десетте опишани видови примероци) и како да се води истражувачки дневник.

Во четвртото, најобемното поглавје под наслов *Прибирање податоци*, во детали се презентирани техниките на прибирање податоци за квалитативно истражување: посматрање, интервјуирање, фокус групи и анализа на пишан и визуелен материјал. Секоја техника е детално опишана со сите свои специфики и за секоја се дадени бројни корисни совети за почетниците и примери со кои се илустрираат чекорите во подготовките и самата теренска работа.

Петтото поглавје посветено на *Обработка на податоците* ги разработува чекорите што се користат во оваа фаза од спроведување на квалитативното истражување: од транскрипција, преку кондензирање, до анализирање и интерпретација на добиените податоци. При тоа се детално прикажани двата пристапа што се користат за конденизрање на податоците (згуснат опис и категоризација) и анализите кои прозлегуваат од нивната примена: анализата во рамки на еден случај и анализата со споредба меѓу случаи. На крајот на поглавјето авторката, сосема оправдно, одделува посебен простор за да укаже на тоа како се интерпретираат податоците не само од аспект што е независен од теориска рамка, туку и од перспектива на трите најпопуларни концептуализации: наративниот пристап, феноменологијата и втемелената теорија.

Во поглавјето *Карактеристики на добро квалитативно истражување* авторката ги дискутира четирите критериуми врз основа на кои се вреднува квалитетот на спроведеното истражување, посочувајќи при тоа на разликите не само во терминологијата што се користи во квалитативната методологија за да се избегне нивното поистоветување со вообичаените термини карактеристични за квантитативната методологија, туку и во критериумите и начините на нивна верификација. Четирите критериуми што се однесуваат на кредибилноста (интерната валидност), трансферабилноста (екстерната валидност), постојаноста (релијабилноста) и конфирмабилноста (објективноста) на спроведеното истражување во ова поглавје се истовремено доведени во врска со епистемолошките претпоставки од кои поаѓа квалитативниот метод.

Седмото поглавје *Пишување извештај за спроведено квалитативно истражување* ги сумира најважните одлики што ги содржат извештаите од спроведени квалитативни истражувања, нудејќи конкретни смерници не само за тоа што треба да содржи воведниот дел, методолошкиот дел и делот посветен на анализата и интерпретација на податоците, туку и за тоа како да се формулира насловот и што да се напише во апстрактот на истражувањето.

Самиот насловот на последното поглавје, *Етички прашања во квалитативните истражувања*, јасно укажува дека овој дел од книгата се однесува на специфичните етички проблеми кои произлегуваат од работата во рамките на квалитативната методологија. При тоа, посочените проблеми се групирани околу соодветноста на третманот на испитаниците (особено во психолошките истражувања), обезбедувањето информирана согласност од испитаниците и добросостојбата на самите истражувачи.

На крајот е наведена листа со *користена литература*, која содржи 63 библиографски единици, во најголем процент странска литература од понов датум. Во листата на литературата се наоѓаат книги од еминентни автори во сферата на квалитативната методологија во неколку општествени науки (психологија, социологија и антропологија), но и бројни статии од водечките стручни списанија од релевантната област, кои се главно користени како илустрација на носечкиот текст.

Книгата е одлично структурирана на начин кој овозможува многу лесно следење на проблематиката. Информациите се организирани на систематски начин и произлегуваат логички една од друга, носејќи ги природно читателите од една во друга фаза на истражувачкиот процес. Сите прашања и дилеми што може да се јават кај читателот додека чита дел од текстот може да се најдат објаснети веќе во следниот дел. Читањето е олеснето и заради поедноставувањето и прилагоденоста на јазикот на публика која има барем основни познавања од методолошката терминологија, што не случај со повеќето текстови што се посветени на квалитативните методи на истражување. Освен тоа, книгата изобилува и со примери (вкупно 26) што значително го олеснуваат разбирањето на текстот, но и со додатоци (вкупно 17) коишто служат како поддршка на текстот и во голема мера придонесуваат кон исцрпноста на информациите и кон задржување на интересот на читателите.

Посебен квалитет на книгата е што се осврнува на неколку современи дебати во областа на методологијата, како што се: прашањето на поставување критериуми за квалитет на истражувањата, дискусијата за онтолошките и епистемолошките парадигми и етичките дилеми во областа на квалитативниот пристап. Авторката успеала многу умешно да ја вклучи исклучително комплексната

дискусија за наведените дилеми, презентирајќи им ја на читателите на достапен и читлив начин, што е вистинска реткост за учебниците од оваа област. Истовремено, една од впечатливите вредности на трудот е тоа што не се ограничува само на една перспектива, туку обединува неколку водечки концептуализации кои го користат квалитативниот пристап.

Најнакрај, мора да се напомене дека книгата претставува редок, ако не и единствен пример на сериозен текст кој успева да ги надмине јазичните бариери, благодарение на кои во свеста на читателите се создава сликата на мажите како неприкосновени субјекти во научното истражување. Користејќи родово балансиран јазик (со користење на термини како на пр., истражувачка, а не само истражувач, таа, а не само тој итн.), авторката ја подига својата книга на ниво на модел кој може практично да се следи и да се применува во заложбите за постигнување родова рамноправност во сите сфери на социјалното живеење.

Книгата *Квалитативни методи* е исклучително корисно четиво за поширок опсег на читатели од оние на кои им е оригинално наменета. Освен што сосема соодветно може да послужи за нејзината основна намена како главна (и доволна) литература за студентите по психологија, книгата може да им користи на сите оние што се подготвуваат да спроведуваат или се во позиција да спроведуваат истражувања, без оглед дали се работи за базични научни испитувања, за акциони истражувања, или за евалуации на програми.

Книгата може да им користи на сите оние што работат во областа на општествените науки, без разлика дали непосредно се занимаваат со научни истражувања, или се само корисници на информации стекнати по пат на спроведени истражувања. Оние што работат во истражувачката дејност, во оваа книга може да пронајдат одличен практичен водич за реализација на квалитативно ориентирано истражување, додека за останатите, книгата без сомнение е исцрпно четиво, од голема помош во стекнување сознанија од областа на методологијата, кои се неопходна алатка за критичко следење на стручната и научната литература.

д-р Виолета Петроска-Бешка,
редовен професор
Институт за психологија